## **МАПАС организира информативно-забавен настан за одбележување на Денот за пензиска свесност**

Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС) организира информативно-забавен настан од отворен тип на Градскиот плоштад во Скопје за одбележување на Денот за пензиска свесност.

Настанот ќе се одржи во **сабота (14 септември)** со почеток во **12 часот** на **плоштадот „Македонија“.**




На овој настан посетителите ќе ги добијат сите потребни информации поврзани со пензискиот систем, за начинот на кој функционира, правата на пензиските осигуреници, како и информации за новите законски измени кои засегаат одредени групи на пензиски членови и осигуреници. Информирањето на посетителите ќе го вршат стручни лица од МАПАС, Фондот на ПИОСМ, како и претставници на лиценцираните пензиските друштва во земјава, КБ Прво пензиско друштво АД Скопје, Сава пензиско друштво а.д. Скопје и Триглав пензиско друштво АД Скопје. Освен информациите за пензискиот систем посетителите ќе имаат можност да уживаат во музиката на бендот „Деј оф“, но и ќе можат да се испробаат во квизот на знаење кој ќе им донесе скромни награди и подароци поврзани со настанот.

Настанот се организира со цел да се подигне свеста на граѓаните за значењето на пензиското осигурување и да ја зголемат информираноста за пензискиот систем. Со тоа, сегашните и идни осигуреници и членови добиваат значајна основа за да може да ја испланираат и да ја осигураат својата пензиска иднина.